РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1821/1
08.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **05.04.2024 година.**

Во рамки на овој извештај Ве известуваме за следното:

- Започна мониторингот на изборната кампања за Претседателските избори.

- Со почетокот на кампањата беше проширен опфатот на мониторингот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за начинот на покривање на изборната кампања. Мониторингот сега ги вклучува сите ТВ сервиси на државно ниво со просечен дневен досег поголем од 1%, врз основа на податоците од последното истражување на АВМУ од јуни 2023 година, односно вкупно 13 програмски сервиси, меѓу кои и три сервиси што ги обезбедува Јавниот радиодифузен сервис – МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал. Другите медиуми за начинот на покривање на кампањата ќе се анализираат по претставки.

- Со почетокот на кампањата започна и мониторингот на емитуваното платено политичко рекламирање. Предмет на овој надзор се сите медиуми кои се во Регистрите на Државната Изборна Комисија за ППР – 39 телевизии и 38 радија.

- Агенцијата преку соопштение го осуди вербалниот напад на новинарската екипа на ТВ 24 Вести од Скопје, кој се случи на од непознато лице за време на партискиот митинг на ВМРО ДПМНЕ и потсети дека напад врз новинарите од кој било вид е апсолутно неприфатлив и дека новинарските работници не смеат да бидат попречувани во вршење на нивните професионални задачи.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**